# Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации

## Образец за пријава на иницијативи

Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме за интересот за пријава на иницијатива во рамки на вториот од серијата „Отворените денови за иницијативи на граѓанските организации" насловен: **„БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА"**, кој ќе се одржи на 06.07.2018 година, со почеток во 12.00 часот во Свечена сала, Влада на РМ.

**Ве замолуваме, пред пополнување на овој образец за пријава, внимателно да го прочитате Упатството за поднесување на иницијативи.**

**Назив на вашата организација:** Транспарентност Македонија

**Адреса (улица, број, општина):** ул. Диме Аницин 2а, Центар

**Електронска пошта (e-mail):** filip.pashu@transparency-mk.org.mk

**Телефонски број:** 070244442

**Лице за контакт (име и презиме, телефон и е-пошта):** Ана Јаневска Делева, 072/222985, ana.janevska@transparency-mk.org.mk

**Веб страница на вашата организација:** www.transparency-mk.org.mk

**Наслов на вашата иницијатива:** Вклученост на Платформата во набљудување и дебатирање на борба против корупцијата во РМ

**Проблеми и потреби:** (Идентификувајте ги проблемот и потребата, вклучувајќи податоци од претходни истражувања и анализи. Максимум еден параграф.)

Немањето капицитет, подготвеност, ниту политичка волја за сузбивање на корупцијата од страна на надлежните органи, меѓу кои и на ДКСК (што беше јасно нотирано и во последниот извештај на Европската комисија за евро-интегративниот напредоко на Македонија), резултираат со висок степен на корупција, прерасната во системска корупција во сите сфери на општеството. И мерењата на погоре наведените перцепции на македонските граѓани индицираат зголемена недоверба на граѓаните дека корупцијата, воопшто, некогаш ќе се намали.
За таа цел, Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата преку овој проект ќе работи и соработува со институциите и јавноста во насока на измена или усвојување на нова регулатива којашто би била целосно усогласена со европските стандарди, како и со укажувањата во Извештајот за итните реформски приоритети и на оние од невладините организации за потребата од институционални промени.
Исто така, Платформата ќе продолжи со јакнење и унапредување на внатрешната комуникација меѓу граѓанските организации.

**Објаснување на иницијативата:** (Објаснете ја вашата иницијатива, односно што е она кое вие го предлагате со оваа иницијатива и наведете ја надлежната институција. Максимум два параграфи.)

Цел на проектот е мониторинг и унапредување на соработката со државните институции задолжени за борба против корупцијата. Платформата преку својата функција на мониторинг ќе нуди конструктивна сораотка со институциите со цел да се подобри нивната работа и тоа во интерес на сите граѓани.

Додека краткорочни цели се:
1. Вклученост на Платформата во спроведување на мерки за зајакнување на независноста на институтициите задолжени за борба против корупцијата
2. Мерење на резултатите во врска со истрагите, обвиненијата и пресудите во случаите на корупција на високо ниво.

**Цели и очекувани резултати:** (Објаснете кои се целите што ќе се постигнат доколку се спроведе предложената иницијатива. Објаснете кои се посакуваните или очекуваните ефекти, односно што ќе се промени доколку се спроведе предложената иницијатива. Максимум еден параграф.)

А.1. Следење на измени на Законот за спречување на корупцијата - учество на претставници на Платформата во работна група за измени и дополнувања на Законот за спречување на корупцијата
А.2. Следење на изборот на нови членови на ДКСК - активно следење на изборот на нови членови на ДКСК, средби со кандидатите.
А.3. Организирање на јавна дебата со кандидатите за членови на ДКСК - организирање на јавна дебата со цел јавноста подобро да се запознае со кандидатите за членови на ДКСК
А.4. Иницирање и учество во јавно сослушување на кандидатите за членови на ДКСК Во овој контекст, сметаме дека пред именувањето на членовите на ДКСК, треба да се спроведе јавно интервјуирање (public hearing) со секој од пријавените кандидати на огласот. Заради транспарентност на овој процес и објекетивност при изборот на членовите на ДКСК, во овој процес е потребно вклучување и мониторинг од страна на претставници на етаблирани НВО-а кои се занимаваат со оваа област, како и новинари од областа на истражувачкото новинарство за феноменот на корупцијата, со што јавноста ќе може подобро да се увери дека изборот на членовите на ДКСК е заснован врз бараните законски критериуми.
А.5. Трибина - дијалог со политички партии- организирање на трибина со политички партии со цел да се споделат мислења, идеи за пофункционална борба против корупцијата
А.6. Средби со засегнати страни - одржување на редовни средби со членките на Платформата, со претставници на политички партии
А.7 . Мониторинг на работата на ДКСК - следење на работата на ДКСК, како ќе функционира новиот состав, дали ќе ги спроведува своите законски обврски како и каква и колкава е транспарентноста и отчетноста во борбата против корупцијата
А.8. Поднесување на барања за пристап до информации од јавен карактер до Јавно обвинителство, СЈО и ДКСК - со цел да се утврди бројот и резултатите во врска со истрагите, обвиненијата и пресудите во случаите на корупција на високо ниво.
А.9. Подготовка и презентација на 2 документа за кратки политики - документите ќе содржат резултати од мониторингот на институциите како и препораки за зајакнување на транспарентноста на институциите
А.10. Подготовка и презентација на Полиси студија - истражување и мониторинг на бројот и резултатите во врска со истрагите, обвиненијата и пресудите во случаите на корупција на високо ниво

А.11. Подготовка и презентација на инфографици - графичко претставување на резултатите и препораките кои ќе произлезат од двата документа за кратки политики како и за Полиси студијата
А.12. Спроведување на постоечкиот комуникациски план на Платформата - планирана и континуирана промоција на Платформата со цел информирање на општата јавност за резултатите од истражувањата, анализите и мониторинг извештаите во делот на антикорупцијата.

Проценка на финансиски импликации и временска рамка: (Наведете, доколку можете, јавни финансиски импликации за реализација на предложената иницијатива, т.е. проценка колку буџетски средства би биле потребни за да се спроведе Вашиот предлог. Претставете ја временската рамка на спроведување на иницијативата.)

Проектот е финансиран од ФООМ

Начелен план за мониторинг и евалуација: (Објаснете како планирате да го следите и оцените спроведувањето на вашата иницијатива. Максимум еден параграф.)

Една од активностите на проектот е спроведување на мониторинг активност. Организациите членки на Платформата ќе ја следат состојбата со транспарентноста на надлежните инситуции. Ова ќе биде постојана активност која ќе биде спроведена во текот на 12 месеци односно додека трае проектот. ТМ заедно со партнерите на проектот ќе иницира вклучување на Платформата во најрана фаза на донесување на одлуки поврзани со борбата против корупцијата како и отворање на процес на консултации и доставување на ставови по клучни прашања.
Ќе се користат следниве истражувачки инструменти:
* Барања за пристап до информации од јавен карактер
* Иницирање на вклучување на платформата Собраниски комисии, присуство на Собраниски седници, присуство на отврени седница на ДКСК итн.
* Отворање на процес на консултации на месечно ниво и
*Доставување на ставови по клучни прашања - ад-хок ниво поврзани со клучни прашања од проецесите.

Прилози (опционално):
/